**Panaze 10 000 - Паназе 10 000, тврди капсули**
lipase, amylase, protease

**мултиензимски лек**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството**
*Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај вашиот доктор или фармацевт.*
*Овој лек ви е препишан вам лично и не треба да го даваме на други лица, бидејќи може да им наштети,дури и ако нивните симптоми се исти како вашите.*
*Ако некои од несаканите дејства станат посериозни, или ако приметите било какви несакани дејства кои не се наведени во упатството, ве молиме кажете му на вашиот доктор или фармацевт.*

Во ова упатство:
1. Што претсавува лекот Паназе и за што се употребува
2. Пред да го земете лекот Паназе
3. Како да го земате лекот Паназе
4. Можни несакани дејства на лекот Паназе
5. Чување на лекот Паназе
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ ПАНАЗЕ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот Паназе содржи природни панкреасни ензими: липаза, амилаза и протеаза. Храната најчесто го поттикнува ослободувањето на овие супстанции во тенките црева, каде тие учествуваат во разградување на хранливите состојки. Липазата го овозможува разградувањето на на мастите, амилазата разградувањето на шеќерите, а протеазата учествува во разградувањето на на белковините. Состојките на лекот Паназе се од свинско потекло, но се скоро еднакви на оние кои ги има човекот.
Капсулите Паназе се разградуваат во стомакот, каде содржината на капсулата се меша со содржината на стомакот. Соджината која се ослободува од капсулата е отпорна на киселината од желудникот. Ензимите се ослободуваат од содржината на капсулата во тенките црева, каде што се активни и го надоместуваат недостатокот од сопствените ензими кај пациентот.
Лекот Паназе се препорачува на пациенти, за лекување или спречување на повторно јавување на последиците на лошата апсорбција на храната, која е резултат на намаленото лачење на панкреасните ензими, на пример: хронично воспаление на панкреасот (хроничен панкреатитис), цистична фиброза или после хируршко отстранување на панкреасот или на желудникот.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ ПАНАЗЕ

**Немојте да го земате лекот Паназе ако:**
- имате алергија на активните супстанции на лекот Паназе или на некоја од помошните супстанции на капсулите,
- имате алергија на свинско месо,
- имате акутно воспаление на панкреасот или акутна фаза од хронично воспаление на панкреасот (панкреатитис).

**Бидете особено внимателни со лекот Паназе:**
Ако капсулата не можете да ја голтнете цела, отворете ја и голтнете ја содржината без да ја гризете или жвакате.
На деца давајте им помали дози.

**Земање со други лекови**
Ве молиме кажете му на вашиот лекар или на фармацевт ако земате или во последно време сте земале било какви лекови, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт.
Панкреасните ензими можат да ја намалат апсорбцијата на акарбоза, на миглитол, на железо и на фолна киселина.
Лековите антагонисти на $H_2$-рецепторите и инхибитори на протонската пумпа, можат да ја зголемат ефикасноста на панкреасните ензими.

**Земање на лекот Паназе со храна или со пијалоци**
Капсулата голтнете ја цела за време на оброкот, со малку течност, на пример овошен сок.

**Бременост и доење**
Прашајте го вашиот лекар или фармацевт за совет пред да земете било каков лек.
Ризикот не е исклучен. Бремените жени можат да го земат лекот Паназе само во случај кога предноста за мајката го оправдува потенцијалниот ризик за плодот.
Доењето за време на терапија со лекот Паназе не се препорачува.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Нема податоци дека лекот Паназе влијае врз способноста за возење и за управување со машини.

## 3. КАКО ДА СЕ ЗЕМЕ ЛЕКОТ ПАНАЗЕ

Секогаш земајте ги капсулите Паназе точно онака како што ви кажал вашиот лекар. Ако не сте сигурни, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.
Дозирањето зависи од тежината на заболувањето. Вообичаеното дозирање е 1 до 2 капсули за време на оброкот, но можете да земете уште една капсула ако имате и меѓуоброк. Дозирањето е доволно доколку овозможува нормална работа на цревата и нормална телесна тежина. Кај пациенти со целосен недостаток на панкреатин, потребни се повисоки дози, кои треба да ги одреди лекарот. Важно е секогаш да ја примате најмалата ефикасна доза.
Ако имате чувство дека дејството на лекот Паназе е премногу јако или премногу слабо, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.

**Ако сте земале поголема доза од лекот Паназе отколку што треба**
Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.
До сега не е познат случај на системско труење од предозирање. Може да се јави пролив, воспаление на кожата околу аналниот отвор, пореметување на цревната функција. Може да се зголеми концентрацијата на уринска киселина или на нејзини соли во крвта и во урината.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот Паназе**
Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената. Доколку дозата не ја земете за време на оброкот, причекајте до наредниот оброк и продолжете со вообичаеното дозирање.

Ако имате било какви дополнителни прашања за употребата на овој лек, прашајте го вашиот лекар или фармацевтот.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, и лекот Паназе може да предизвика несакани дејства, иако не кај секој пациент.
Несаканите дејства кои може да се појават за време на лекувањето со лекот Паназе, во зависност од честотата на јавувањето се групираат во следните групи:
- Ретки: (се јавуваат кај помалку од 1 на 1000 лекувани пациенти, но повеќе од 1 на 10000 лекувани пациенти): гадење, повраќање, пролив, запек, стомачна болка и воспаление на кожата околу аналниот отвор. Овие несакани дејства се благи по својата тежина и не е потребно прекинување на лекувањето.

- Многу ретки (се јавуваат кај помалку од 1 на 10000 лекувани пациенти): сериозна алергиска реакција која бара итна медицинска помош. Доколку почувствувате некои од наведените несакани дејства веднаш прекинете да го земате лекот Паназе и итно јавете се на вашиот лекар или во најблиската болница: исип, оток на лицето, устата, усните или грлото, кој може да влијае на дишењето или на голтањето; оток на рацете или на нозете. Доколку вашиот стомак стане премногу затегнат и болен и доколку осетите јаки стомачни грчеви, треба да се провери дали се работи за некакво пореметување во проодноста на цревата. Може да се јави и слабост или жолтица.

Ако некои од несаканите дејства станат сериозни или ако забележите некои несакани дејства кои не се споменати во овој текст, ве молиме кажете му на вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ ПАНАЗЕ

***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***

Да се заштити од влага. Да се чува на температура до 25°C.

Не го употребувајте лекот по изминување на рокот на употреба наведен на пакувањето.
Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи лекот Паназе**

- Активната супстанција се панкреасните ензими: липаза, амилаза и протеаза. Секоја капсула содржи 10 000 единици липаза, 9 000 единици амилаза и 500 единици протеаза, према Европската Фармакопеја (Ph.Eur).
- Помошни супстанции се: микрокристална целулоза, кросповидон, колоидна анхидридна силика, магнезиум стеарат, талк, метакрилна киселина-етил акрилат кополимер (1:1) дисперзија 30 %, триетил цитрат, симетикон (23% емулзија) и монтан гликол восок во содржината на капсулата. Желатин, титан диоксид (E171), црвен железо оксид (E172) и црн железо оксид (E172) во обвивката на капсулата.

**Како изгледа лекот Паназе и содржина на кутијата**

Тврди желатински капсули со матно-кафеава капа и безбојно прозирно тело. Исполнети се со бело-сиви филм-обложени гастро-резистентни микротаблети.
Капсулите се достапни во кутија од 20 капсули во стаклено шишенце.

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само врз основа на лекарски рецепт.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет**

КРКА ФАРМА ДООЕЛ, Митрополит Теодосиј Гологанов 28/II-23, 1000 Скопје, Република Македонија

**Име и адреса на производителот**

KRKA, d. d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia
во соработка со Nordmark Arzneimittel GmbH & Co. KG, Uetersen, Germany

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

16.11.2006 година.